Друштво на писателите на Македонија · 1947 ·
ISSN 1409-6005

# СТОЖЕР

Ревија за литература, култура и уметност
год. XXII бр. 127 2018, цена 40 ден.




**Јагода Михајловска-Георгиева**
**МАНАСТИР ФУЕНТЕРАБИЈА**



**Владимир Плавевски**
**АМАРКОРД**



**Аријан Лека**
**ИСТРЕБУВАЊЕТО НА ДРУГИОТ ОД МЕТЕОРОЛОШКАТА КАРТА**

***МИЛАН ЃУРЧИНОВ***
***1928 - 2018***

## СОДРЖИНА


Милан Ракуљ
ДЕВЕДЕСЕТ И ВТОРАТА ................................... 2
Трајче Кацаров
ПОЕЗИЈАТА И ЧИТАТЕЛИТЕ............................ 3
Христо Петрески
СТАВ ................................................................ 4
Ана Витанова-Рингачева
ПОСЛАНИЕ ОД НЕБРЕГОВО............................ 6
Милан Ѓурчинов
КУЛТУРАТА – МЕЃУ МОНДИЈАЛИЗМОТ И ТРАНЗИЦИЈАТА............................................................ 8
Соња Стојменска-Елзесер
ЗБОГУВАЊЕ СО МИЛАН ЃУРЧИНОВ.................... 11
Елизабета Шелева
ПОСТ СКРИПТУМ......................................... 12
Лорета Георгиевска-Јаковлева
IN MEMORIAM.............................................. 14
Гоце Смилевски
КОМЕМОРАТИВНА РЕЧ ЗА М. ЃУРЧИНОВ.... 16
Трајче Кацаров
КОЊАК НАМЕСТО ЧАЈ, И ТОА ВО МАНУ ..... 18
УНИКАТЕН СЛЕМ-ФЕСТИВАЛ ВО СЛОВЕНИЈА .. ...................................................................... 19
Преведена поезија
Ерол Туфан ................................................. 21
Преведена проза
Билјана Станковска ..................................... 23
Преведена поезија
Васо Николоски ........................................... 26
Преведена поезија
Мирослав Демак ........................................ 28
Преведена проза
Аријан Лека ................................................. 30
Ана Витанова-Рингачева
СТОЖЕРНАТА МИСЛА НА РОДОЉУБИВИОТ ТРИПТИХОН ................................................ 32
Васил Тоциновски
РАЦИН Е НАША МАКЕДОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ..................................... 34
Мишел Павловски
ПОСЛАНИЕ, ЕСЕЈ, ПЕСНИ .............................. 36
Соња Стојменска-Елзесер
ПРОНАЈДЕНА ВО ПРЕВОДОТ, ОСТВАРЕНА ВО СТИХОТ ......................................................... 38
Јагода Михајловска-Георгиева
МАНАСТИР ФУЕНТЕРАБИЈА ......................... 40
Владимир Плавевски
5-РЕ ............................................................... 44
Киро Донев
КАКО ДА Ѝ СЕ ДОБЛИЖИМЕ НА КНИГАТА ... 46
Киро Донев
СЛОВО ЗА ЗМИЈАТА ..................................... 47





Пишува: ***Трајче КАЦАРОВ***

# ПОЕЗИЈАТА И ЧИТАТЕЛИТЕ

Поезијата, исто како и растенијата, се сади и се одгледува сè додека не почне да раѓа цветови. Штом ќе расцвета, некои ја оставаат како убавите жени, што би рекол Конески, бргу да овене, а некои пак ги берат цветовите и со нив, како што се украсуваат младоженци на свадба, го китат животот, каков и да е.

Ако имаме поинаков пристап кон поезијата, тврдиме со сигурност дека ќе се загубиме во преводот. Но кои се тие што го одредуваат таквиот процес на работа, на создавање поезија? Од едната страна се поетите, авторите, а од другата се читателите. Зошто го велиме ова? Зашто поезијата не ја прават само авторите, туку и читателите. И во најскудните општествени услови за уметноста, двата етникума даваат иманентен придонес за нејзиниот опстанок. Еве еден пример од човековата историја кој мошне експлицитно ја потврдува нашата согледба. Кога на генералисимусот Сталин му побарале пари за печатење на книга, прашал: За каква книга станува збор? Му рекле за поезија со љубовна тематика. Дал наредба да се отпечати книгата во два примерока, еден за авторот, другиот за девојката која била инспирација за авторовата поетска артикулација. Ете, и тој знаел дека делото – во дадениот случај поетското – за да има своја функција, мора да има создател и почитувач. Јас дури и напишав една песна чии завршни стихови потсетуваат на тоа дека на писателите славни само читателите верни им се рамни.

Авторите и читателите функционираат по принципот на споени садови. За да се поддржи функционалноста, треба колку што има течност во едниот толку да има и во другиот сад. За жал, од таквиот принцип отстапуваат многу манифестации и фестивали правени во името на поезијата. Најчесто течноста е до врвот на едниот сад, оној што го претставува поетот, а е до дното, или воопшто ја нема во садот што ги претставува читателите. Трагичното е во тоа што таквиот дисбаланс никого не го потресува. Зашто на поетите важно им е да имаат отпечатена книга, а на оние кои треба да бидат консументи важно им е да имаат можност да изберат друга, или поинтересна забава.

И годинава се одржаа Стушките вечери на поезијата. Се изнаредија поетите од сите меридијани на мостот, се поделија наградите, си разменија поетите адреси и си заминаа, некои засекогаш, некои за да се вратат повторно. СВП заврши, но не и дилемата – Имаат ли поетите славни во нашава страдалница Македонија и низ светот, читатели верни кои ќе им бидат рамни?

П. С. Еднаш, за време на „Меридијани", дел од програмската содржина на СВП, додека претставници од дваесетина земји од планетата ги читаа своите стихови, од звучникот на минарето од најблиската џамија до Домот на културата во Струга, на сет глас екна вечерната молитва. Додека траеше вечерната на муезинот, претставникот на Бугарија скокна на нозе и почна да се крсти и со левата и со десната рака. Камерите на МРТ не го регистрираа перформансот на бугарскиот поет.

*Ана Витанова-Рингачева*

# СТОЖЕРНАТА МИСЛА НА РОДОЉУБИВИОТ ТРИПТИХОН

(Кон книгата „Триптих за Македонија“ на Раде Силјан)

*Од дојката на небото*
*За болните на векот*
*Песната лек бара*
(„Претсказание“, од „Отворена книга“)




За лирскиот сензибилитет и стаменото перо на Раде Силјан критиката одамна го дала својот суд. Соочени со предизвикот, преку зборот да му се приближиме на поетот и да застанеме пред портите на неговиот ограден поетски свет, тргнуваме со плашлив чекор, тивко и претпазливо. Со својот специфичен израз, поетот гради висок плет, мајсторија од зборови и емоции, за да ја огради својата творечка осаменост. Така тишината и осамата ја мамат мислата да се вгнезди во нив, скриена од очите на порочните да почне да зрее, за да му ја покаже на светот сета своја раскошна убавина. Силниот збор во согласие со емоцијата која целосно го покорува лирскиот субјект, во поезијата на Раде Силјан создаваат хармоничен звук на една убава лирска песна.

„Триптих за Македонија“, трите гласа од грлото на поетот, се натпејуваат за да го замолчат злото, да му ја одземат силата и во некрстени денови да го покорат. Стожерната мисла, која како танка преѓа ги поврзува трите уметнички создателства „Отворена книга“, „Молитва за Македонија“ и „Устата на јавето“, е силната родољубива емоција, длабоко вкоренета до сржта на битието. Таа љубов скоро безусловна, во стиховите на Силјан има тревожен звук. Со еден лирски прелудиум поетот нè воведува во својот поетски свет, почеток кој е тревожен, молитва кон Севишниот да не нè заборави, бидејќи единствено Неговата милост ни остана.

*На Свети Спас*
*Ќе нè спасиш ли Господе*
*Или ќе нè заборавиш*
*Како што ги заборави Хазарите*
*Во едно дамнешно време*
(„Молитва за Македонија“, од „Молитва за Македонија“)

Човекот, Судбината и Татковината се трите вжарени неба во поетскиот универзум на Раде Силјан. Човекот кој сè уште носи „лузни на болно племе“, Судбината пресликана во Божјиот лик кон кој се упатени сите молитви на малиот човек, и Татковината која ни дала толку многу, а за возврат не побарала ништо:

*Ако слезеш од небото*
*Ископај длабок бунар во гора зелена*
*Темнината да ги збере нашите солзи*
*Потоа кажи ја молитвата стара*
*Како последно завештение*
(„Поплака до Севишниот“, од „Молитва за Македонија“)

Тријадата Јас/Ние, Судбината и Татковината е стожерната греда на која е изграден и стамено стои поетскиот триптихон на Раде Силјан. Во дистихот на поетските изблици се препознаваат интимните имагинарни беседења на лирското јас со себеси, со судбината и со татковината. Во суштината на дистихот е вкопан стожерот на поетската мисла, зариен длабоко, ја држи песната исправено, достојна за пркос на небиднината. Мотивиката во поезијата на Силјан се напојува од татковинскиот извор, непресушен и штедар, изворот од дворот на дедовата куќа, таму каде што катадневно мислата се навраќа. Една оживотворена симболика на зборот, оној збор кој проникнува длабоко, до коренот на вековната македонска прокоба. Лирското јас пее за сопствените, но и за прегрешенијата на својот род. Една тивка ламентација над судбината и едно вечно прашање: Каде е коренот на злото? Лични, но и колективни ни се и тагата и радоста, делбите и разделбите, загубата и она малку што сме го добиле од трпезата на животот. Молитвата на лирското јас прозвучува како опомена за тоа дека белата чума со своите тешки стапала немилосрдно гази кршејќи ги новите ластари на младото семе, кое тукушто го здогледале сонцето.

*Низ маглата што паѓа*
*Во нашите одаи темни*
*Кандилце во ноќта*
*За нас ќе гори*
*Жално ќе трепка*
(„Крик“, од „Отворена книга“)

Поразува помислата дека доаѓа денот кој ни се заканува дека ќе го угасне и последниот пламен од прадедовото огниште и кандилото кое со векови гори пред лицата на светителите, нашите закрилници. Единственото оружје со кое може да се бори поетот против таквото зло е песната. Една притаена болка спастрена во стих, отпеана

и преточена во песна, помалку тежи и полесно се одболува. Индивидуалниот поетски израз на Раде Силјан гради мали скриени пасажи под стихот, за да може мислата на читателот да помине од другата страна зад која во полусон дреме вистината. Обоени во тегоба, стиховите на Силјан прозвучуваат многу помирливо, лирското јас како да се помирува со себе и со судбината. Болот во овие стихови не е само личен, општочовечки е, страдалнички мачен и сеприсутен. Папсани од болка сме оделе тврдоглаво и смерно, оти животот секогаш нè водел по мрачните камењари да се пробиваме и со крвави стапала да го изодиме беспаќето. Боли и натежнува нанесената неправда, боли резот на градите на парчосаната татковина и песната, лелек на птиците разлетани по белиот свет. Овој народ, и кога го распнувале на Голгота, со Исусова помиреност барал прошка за гревовите на непријателите и нивната умисленост дека се победници. Со силна верба, но и со клетва на усните, живеел во надеж крепејќи ја мислата за подобро утре. Татковинското чувство е поетовото „вјерују“ она што нè одржало и ни се всадило како единствена вистина, да издржиме со погледот свртен кон новиот ден. Вековна јанѕа ни ги искина душите, нè уништи злата прокоба, да лунѕаме низ мракот барајќи го она што од прадедо ни е оставено, она што е наше македонско.

Поетовиот пој завиен во болка, тапа и лажно залечена, станува песна за немирот, за неспокојот истурен во овие тревожни стихови. Не е таа ефемерна болка, вистинска е, толку жилава и неуништлива. И тука е засекот на мислата и емоцијата, но и двете се напојуваат од истата животворна вода, која тече во нивната заедничка бразда. Само навидум одвоени, мислата и емоцијата жарат и тлеат заедно согорувајќи во пламенот на стихот. Тревожна неспокојничка, таква е поетовата мисла. Емоцијата, мотивиката и пораката се слеваат во една единствена мисла. Емоцијата е тревожна, мотивиката стожерна, а пораката безвременска. Поетот гради многу суптилна интимна врска со својата песна. Како да не сака да ја пренесе сопствената тага врз читателот, како да сака само да го опомене, да го поттикне на размислување за прашањата кои се суштински за неговиот опстанок. Такви мисловни мапи се исцртуваат во мисловниот свет на читателот, а стиховите се силна рефлексија од тоа што го окупира поетовото јас. Рефлексивните стихови ја потврдуваат тезата дека поетот Раде Силјан создава свој мисловен свет, разновиден и длабоко промислен. Пишува поетот за спомените од детството, за миговноста на животот, за ништожноста на малиот човек, но и за славата на големите дела што ги остава зад себе. Скоро секогаш се навраќаме на најголемата гилгамешовска вистина, дека единствено делата ќе нè надживеат. Стихот секогаш ќе ја чува вистината за тоа што смилевските мајстори го издигнале со своите голи раце, за скулптурот кој на каменот му дал душа, за поетите кои Ѝ дадоа крилја на песната, да може вечно да се издигнува, тогаш кога човекот ќе ја изгуби и последната битка со минливоста и тогаш кога земните убавини ќе ја изгубат својата боја. *„По сите делби и преселби / По сите загубени битки / За кого да пеам / Главо неверна“* („Завет“) е вистинското прашање што си го поставува лирското јас. Лунѕајќи, барајќи собеседник, ги среќава: ѕвездата скриена во очите на рожбите, маглата, тишината, животот, времето, татковината, историјата, за да се соочи на крајот со единствената вистина која спокојно вели дека *скалите небесни се последната станица на заблудите земни.*

Молитвата и покајанието ни се насушно потребни, само преку нив можеме да го обессилиме злото, кое ни се кикоти некаде длабоко од дамарите. Судбината ни одредила да се вкорениме на овој вжарен меѓник, тука да водиме вековни битки со демоните, кои како постојано да се реинкарнираат и умножуваат. И бурјанот еден ден свенува и ја губи својата животворна сила, но не и злото. Пробивајќи се низ густежи и плевели, поетовата мисла го наоѓа патот кој води кон изгрејсонцето. Тој пат со векови ни го осветлуваат очите на светците кои со смирение гледаат од фреските на ѕидовите на нашите манастири и цркви, светилишта кои ни ги крепеле снагата и душата кога згрбавени во молитва сме ја прегрнувале надежта.

*Радувај се на црквите и манастирите*
*Во нив тишината вековна*
*Ги милува лицата*
*На нашите будни светци*

(„Триптих за убавината, болката и радоста“, од „Устата на јавето“)

И покрај сиот насобран чемер, што како аманет од дамнина сме го наследиле и го носиме, сепак има нешто што толку силно свети во ноќта без ѕвезди. Она што ни го дарил животот, убавината, болката и радоста сплотени со она што пред нас го создале нашите прадедовци, нè прави горди патници по врвицата на животот. Оти ништо не се создало без болка, сè што ја здогледало светлината на денот го носи во себе мајчиниот крик на раѓањето, во него е скриена сета убавина на овој земен живот.

Песната на Раде Силјан е тенко везена плетивка од рацете на македонската везилка. Тивко, со многу љубов и тага создавани стихови, остануваат да шепотат во лулката на сè уште неродените потомци. И кога би имале моќ да ги разгатнеме тајните симболи на немуштиот јазик на нашите предци, во нив чинам би ја откриле формулата за тоа како се љуби парчето земја на кое сме вкоренети од памтивек и како треба да се чува како неотуѓива своина. „Триптих за Македонија“ носи стихови-завештанија за сè уште непроодените потомци да знаат кои сме, како стигнавме до тоа што сме денес и како да се молиме за тоа што треба да дојде утре. Песната потајно го разоткрива наумот на поетот, да биде поет-гласник, гуслар кој „свири на гусла без струни“. Стихот е неговата една и единствена жица која ќе отсвири ноти за да ја наслика најубавата и најсилна родољубива емоција. Со силна и искрена верба во својот творечки подвиг, Раде Силјан ја создава својата песна, надеж за препород на родот свој. Ќе останат овие стихови, за потомците да знаат да го чуваат поштукот на македонштината наша, заветот запишан од памтивека.

ЛАФ МУАБЕТ СО...

# ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

Поет. Роден во 1934 година, во време на пченка копање, како прво дете, т.е. како прв доказ за безгранична љубов на неговите родители. Неговото родно место се вика Слоештица и се наоѓа во Демир Хисар, западно од Жван, југоисточно од Базараник, десно од Мренога, лево од Бабино. Иако се родил премногу млад, својата прва средба со светот уште истиот миг ја опеал на сет глас! И , по две преживеани окупации, го ослободи својот талент. Оттогаш пишува слободно. Има и приватна река и приватен живот. Значи, има и недела, ама позначајни му се – делатаЧ: „Јазли“, „Ни на небо ни на земја“, „Седмиот ден“, „Дениција“, „Дални наковални“, па и оние што мисли допрва да ги напише.

x x x

– Зошто молчиш, Петре?
– Искуството ме научи да молчам на сите јазици!
– Кажи како си, од што живееш?
– Од минатото што го наследив.
– Значи, го знаеме потеклото на твојот имот. Зошто и неофицијално да немаш некоја функција?
– Зашто сите што гаѓаат на поудобни места, ретко го промашуваат животот!
– Но, додека некој да созрее, ти, ми се чини - ќе изгниеш?!
– Секој си има стил на живеење. На пример, глогот и дивјачката, иако зреат најдоцна, сепак претпочитуваат да живеат, или под сенка, или на високо.
– Ти, Петре, секогаш поаѓаш од себе. Но, од каде да појдат оние кои нема од каде-да појдат?
– Ако зборуваме реално, можеш да ми префрлиш за недостиг на фантазија...
– Умен си, Петре, наместо да го претекнуваш времето ти ги претекнуваш современиицитe!
– Па, времето е толку брзо, што за непрописно возење, може да те исклучи од „Сообраќајот“
– Значи, полесно ти е со современиците?
– Полесно ми е само во некои дисциплини. Инаку, познавам многу современици кои ме претекнале на платниот список!
– Зошто некои писатели не одат пред времето, туку – бегаат од него?!
– Зашто за своите најзначајни дела, обично бараат локации крај езеро...
– На кои мислиш?
– На оние кои предвреме ја пензионираат главата, за да им ослободат работно место – на лактите!
– Како ти успева и кога си прозаичен да бидеш – поетичен?
– Ми помагаат пријателите кон кои што чувствувам големи долгови.
– Дали би се согласил оод членовите на ДПМ да составиш – праволигашка екипа?
– Би се согласил, ако ми најдат издавач за нивните „погодоци“!
– Колку членови има, Петре - ДПМ, кои само во крстозборките можат да стојат исправено?
– Сите можат да стојат исправено, но најрешливи се оние крстозборки, во кои писателите се наоѓаат – водорамно!
– Кој систем, според тебе, му бил најблизок на поетот низ вековите?
– Најверојатно на системот за разладување на вината!
– Доста беше, Петре. Басната ја знаеме сите кажи ја само поуката?
– Поуката е – Миодраг Друговац!

Муабетот го водеше – Киро Донев
Објавено во „Вечер“ , на 4.09.1976 .)

**Издавач**
Друштво на писателите
на Македонија

**За издавачот**
Соња Стојменска-Елзесер
(претседател на ДПМ)

**Издавачки совет**
Мито Спасовски
(претседател)

**Редакција**
Трајче Кацаров
(главен и одговорен уредник)
Виолета Танчева-Златева
Делвина Крлуку
Живко Грздановски
Игор Крајчев

**Лектор и коректор**
Виолета Танчева-Златева

**Компјутерска обработка**
Никола Карагунов

**Адреса на редакцијата**
Ул. „Максим Горки“ бр. 18
1000 Скопје, Македонија
Тел./факс: 02/3228-039

**Печати**
„2-ри Август“ Штип

Стожер

Жиро-сметка: 300000000590669
Депонент: Комерцијална банка АД Скопје
ДПМ за „Стожер“
Со решение бр. 02-410/2 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка.Ракописите и фотографиите не се враќаат.
Ревијата излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на РМ